За да биде помасовна свечената прослава, за делото и улогата на КлиментОхридски ќе се зборува на собранието на Друштвото на историчари на СРМ кое ќе се одржува во тие денови во Охрид.

И затоа Охрид оваа година е во знак на јубилејната прослава. Досегашните многубројни состаноци, ангажираноста од сите фактори, ветува дека оваа прослава ќе биде постојна, репрезентативна и сосема оправдана и многу корисна за нашата земја.

**П. М.**

## НАУЧЕН СОБИР ПО ПОВОД 40-ГОДИШНИНАТА ОД СМРТТА НА КРСТЕ П. МИСИРКОВ

По повод 40-годишнината од смртта на Крсте П. Мисирков на 24 и 25 јуни 1966 година во Скопје се одржа научен собир.

На собирот беа поднесени следниве реферати:

— Д. Зографски, Мисирков за националноста на Македонците;

— Б. Ристовски, Македонската „национално-сепаратистичка" мисла како идеја и како движење;

— Х. Андонов — Полјански, Дипломатските аспекти на македонското прашање во становиштата на Крсте Мисирков;

— М. Пандевски, Мисирков за пропагандите на соседните балкански држави во Македонија;

— Д. Ташковски, Гледиштата на Мисирков за сепаратизмот;

— А. Христов, Погледите на Мисирков за државно-правен статус на Македонија;

— К. Цамбазовски, Идејните погледи на Крсте Мисирков;

— Сл. Димевски, Обидите на Крсте Мисирков и Македонското студентско друштво во Петроград за издејствување на автономна Македонија во рамките на Турската империја од големите сили и Високата порта;

— Гане Тодоровски, Претходниците на Мисирков;

— К. Пенушлиски, Хипотезата на К. П. Мисирков за причините на популарноста на Крале Марко;

— В. Илиќ, Мисирков и Чернодримски;

— Т. Стаматоски, Графичкиот систем на Мисирков и на некои негови современици;

— А. Џукески и К. Конески, Поглед врз правописната норма во јазикот на К. Мисирков;

— Т. Димитровски, Литературната лексика на Мисирков.

Во врска со изнесените реферати беше водена мошне плодна и интересна дискусија. Изложените реферати и дискусијата придонесоа многу појасно да се расветлат низа проблеми поврзани со идејните погледи и становиштата на овој истакнат македонски деец.

**Х.**

## ПРВ МЕЃУНАРОДЕН СЕМИНАР НА ПРОСВЕТНИТЕ РАБОТНИЦИ ОД БАЛКАНСКИТЕ ЗЕМЈИ ОДРЖАН ВО СОФИЈА

Од 18 до 26 мај 1966 година во Софија се одржа семинар на наставниците од балканските земји на тема „Улогата на програмите и методите на образованието во средните училишта за воспитувањето во духот на меѓународното разбирање" во организација на Националната комисија на НР Бугарија за УНЕСКО и Министерството на народната просвета. На семинарот учествуваа делегации на просветните работници на НР Бугарија, Кралство Грција, НР Романија и СФРЈ. Основен реферат на тема: „Улогата на програмите и методите на образованието во средните училишта за воспитување во духот на меѓународното разбирање" поднесе господин Владимир Херчек, претставник на генералниот директор на УНЕСКО господин Рене Мајо. Учесниците на семинарот работеа на пленарни седници и во две секции и тоа: секција за литература и странски јазици и секција за историја и географија. На пленарните седници и во одделните секции беа поднесени повеќе соопштенија во врска со основниот реферат од страна на делегатите на сите земји чии делегати присуствуваа на овој семинар што претставува ценет прилог кон подоброто запознавање со одделните достигања во образованието во